ГЛАСНИК 54 1-2 2010 67-80 ISBN 0583-4961

УДК 737.1(497.723)„15“

# КОВАЧНИЦАТА НА МОНЕТИ ВО КРАТОВО ЗА ВРЕМЕВЛАДЕЕЊЕТО НА СУЛТАНОТ СУЛЕЈМАН И ВЕЛИЧЕСТВЕНИОТ (1520 – 1566)

*Срѓан Катиќ*
Историски институт – Белград, Република Србија

Ковачницата на монети во Кратово била втора по производство во Османлиското Царство во последната деценија на 15. и во текот на првите шест децении на 16 век, а позначајна од неа била само ковачницата во Ново Брдо. Но, и покрај тоа, за работата на кратовската ковачница се знае многу малку. Познатите факти до сега главно се однесуваат на годишните приходи наведени во пописите на Ќустендилскиот санџак од 16 век, како и на износите на четирите тригодишни закупнини од истиот век.[1]

Важни податоци за закупнините на ковачницата на монети во Кратово пронајдовме во еден од дефтерите на главната османлиска финансиска канцеларија.[2] Дефтерот се однесува на закупнините на царските приходи во Румелија во текот на дваесеттите, триесеттите и четириесеттите години на 16 век, меѓу кои се наоѓале и закупнините на сите активни ковачници на монети. Заради важноста на споменатиот извор, транскрипцијата и преводот на делот којшто се однесува на ковачницата на монети во Кратово го приложуваме на крајот од овој труд.[3]

Времеоснова
њето на ковачницата на монети во Кратово го посведочуваат само нумизматичките наоди, настанати во времевладеењето на

---

[1] А. СТОЈАНОВСКИ, *Македонија во турското средновековие од крајот на XIV до почетокот на XVIII* век, Скопје 1989, 452-453). Податоците за закупнините на кра-товската ковачница А. Стојановски ги презел од необјавената докторска дисертација: H. SAHİLİOĞLU, *Kuruluştan XVII. Asırın sonlarına kadar Osmanlı Para Tarihi üzerine bir deneme*, İstanbul, 1958. Сите споменати износи А. Шериф ги подредил хронолошки, претставувајќи ги и вкупните износи од тригодишните закупнини како едногодишни приходи (*Рударство во Македонија во време на османлиското владеење*, Скопје 2001, 105).

[2] Maliye defteri – Maliyeden müdevver defteri [MAD] 656, Başbakanlık Arşivi Istanbul. Дефтерот има 388 страници во формат 44 cm x 16 cm.

[3] MAD 656, 92-93.

султанот Бајазит II (1481–1512).[4] Османлиските монети не овозможуваат поблиско датирање затоа што годината што се наоѓа на нив не се однесува на времековењето, туку ја означува годината на стапувањето на престолот на владетелот. Извесно е, меѓутоа, дека во првите години на Бајазитовото владеење ковачницата на монети во Кратово сѐ уште не била отворена. Имено, во тој период османлиските ковачници биле раcподелени во три закупнички групи, од нив две биле во Румелија и една во Анадолија, но меѓу нив не се наведува Кратово. Првата румелиска група ја сочинувале ковачниците на монети во Истанбул, во Едрене и во Галиполе, а втората ковачниците во Ново Брдо, во Скопје и во Сер. Тригодишните закупнини на румелиските ковачници во 1481 година ги презеле две дружини на еврејски ортаци, кои поради долговите не ја обновиле закупнината. Така, од 1484 година, закупец на првата група ковачници станал Абди Факих од Јањево, а закупци на втората група ковачници станале Јован Кониќ од Кратово и Степан, син на Бранко од Беласица. Јован и Степан ги закупиле на три години приходите од ковачниците во Ново Брдо, во Скопје и во Сер за износ од 16.424.000 акчиња.[5] На тој начин, капиталот на еден богат кратовец бил вложен во работите со закуп на ковници и пред да започне ковењето монети во Кратово. Тоа сведочи и за значителниот економски развиток на самиот град од којшто потекнувал Јован, остварен благодарение на сé поголемото производство во локалните рудници.

Во следниот период ковачниците биле издавани поединечно, за што посведочува закупнината на ковачницата во Ново Брдо, од 1490/91 година во сопственост на тогаш извесниот Бранко.[6]

Од стапувањето на власт на султанот Сулејман И во 1520 година, па сѐ до 1580 година, во Кратово, Ново Брдо, Скопје и во Едрене биле ковани само сребрени акчиња, додека во Истанбул и во Сер, покрај акчиња, ковале и златни султании.[7] Токму во 1548., или најдоцна во текот на следната година, и во Кратово започнало ковење на златни монети.[8] Ковачниците на златни монети, во економски поглед, а и во поглед на производствениот процес, работеле наполно независно во однос на ковачниците на сребрени монети.[9] Според податоците од пописите од 1550. и од 1573 година,

---

[4] S. SREĆKOVIĆ, *Akches (Volume Two) Mehmed II Fatih - Selim I Yavuz 848 – 926 AH*, Beograd 2000, 93-125.

[5] H. SAHİLİOĞLU, *XV. yüzyıl sonunda Osmanlı darphane mukataaları*, Iktisat Fakültesi Mecmuası, 1-2 (1962/63), 182-212.

[6] Ö. L. BARKAN, *Süleymaniye Cami ve İmareti inşaatı (1550 - 1557)*, I, Ankara 1972, 371-372.

[7] MAD 656, 4-5, 48-49, 50, 73-74, 92-93, 96-97. Во текот на триесеттите години е отворена ковачница на монети и во Сидерокапса, која во почетокот била под непосредна управа на државата. Дури пред крајот на периодот што е опфатен со дефтерот била издавана под закупнина, па затоа не е релевантна за споредување со другите ковачници.

[8] MAD 656, 92-93; СТОЈАНОВСКИ, *Македонија*, 452.

[9] H. İNALCIK, „Dâr al-Darb“, *Encyclopaedia of Islam²*, CD – ROM Edition v. 1.0, Brill, Leiden 1999, II, 117b.

закупнина на ковачницата на златни монети во Кратово на државата годишно и носела по 10.000 акчиња.[10]

Видливо е дека државата остварувала значително повисоки приходи од рударските ковачници во Кратово и во Ново Брдо отколку што го правела тоа од градските ковачници во Истанбул, Сер, Едрене и во Скопје. Според збирниот попис на Румелија од 1530 година, годишниот приход од ковачницата во Кратово изнесувал 700.000 акчиња, од ковачницата во Сер – 400.000 акчиња, од ковачницата во Едрене – 133.333, а онаа во Скопје – 41.667 акчиња.[11] За ковачницата во Ново Брдо, чие производство поради епидемицјата на чума било во криза, може да се наведе само претпоставениот износ. Имено, поединечните податоци се непотполни, а релевантен е само, на неколку места, повторениот приход од рудникот, од ковачницата и од локалните даноци и такси, во износ од 3.983.785 акчиња.[12] Со оглед на тоа дека приходите од ковачницата најчесто изнесувале околу една половина од вкупните приходи, може да се претпостави дека во тоа време приходите од ковачницата во Ново Брдо изнесувале околу 2 милиона акчиња.[13]

Во текот на спроведувањето на споменатиот попис кон крајот на дваесеттите години на 16 век и производството на кратовската ковачница се нашло во криза. Кризата уште повеќе се продлабочила во почетокот на следната деценија, кога тригодишната закупнина на ковачницата изнесувал само 1.400.000[14] или 466.666 акчиња по година. За падот на производството секако повлијаела големата депопулација на населението, која во тоа време ги зафатила повеќето области на централниот Балкан, па и самото Кратово. Во текот на нешто повеќе од една деценија бројот на христијанските домаќинства во Кратово се намалил за речиси две петини.[15] Од 376 домаќинства што исчезнале во пописот, најголемиот дел веројатно го однеле честите епидемии, еден дел од нив се отселиле во новоосвоените области

---

[10] СТОЈАНОВСКИ, *Македонија*, 452; *Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, том V, книга II, приредил М. СОКОЛОСКИ, Скопје 1980, 41.

[11] *370 Numaralı Muhâsebe-i Vilâyet-i Rûm-ili defteri (937 / 1530)*, I <Dizin ve Tıpkıbasım>, Ankara 2001, 5, 123; *167 Numaralı Muhâsebe-i Vilâyet-i Rûm-ili defteri (937 / 1530)*, I <Dizin ve Tıpkıbasım>, Ankara 2003, 66, 246. Од споменатиот попис не располагаме со податоци за Истанбул.

[12] *167 Numaralı Muhâsebe-i Vilâyet-i Rûm-ili defteri (937 / 1530)*, II <Dizin ve Tıpkıbasım>, Ankara 2004, 321, 368.

[13] Со оглед на тоа дека се работи за кризна година, за Ново Брдо е извесно дека особено пред, но и по овој попис, приходите на локалната ковачница биле значително поголеми. На тоа упатува и пописот од 1544/45 година, кога годишиот приход на ковачницата изнесувал 2.434.282 акчиња (Tapu tahrir defterleri, Başbakanlık Arşivi Istanbul, TD 234, 23).

[14] СТОЈАНОВСКИ, *Македонија*, 453.

[15] Бројот на христијанските домаќинства меѓу пописите од 1519. и од 1530 г. е намален од 982 на 606, додека бројот на вдовиците е зголемен од 65 на 73 (А. СТОЈАНОВСКИ, Д. ЃОРГИЕВ, *Населби и население во Македонија – XV и XVI век*, Скопје 2001, 117).

на север, додека неколку десетини ја промениле верата и така ја напуштиле христијанската заедница.[16]

Сепак, во првата половина на 16 век имало повеќе периоди на стабилно производство, кога годишниот приход на ковачницата бил значително поголем. Во пописите од 1519 и од 1550 година приходот изнесувал 1.111.555 акчиња, а од податоците за закупнините од крајот на триесеттите и почетокот на четириесеттите години може да се заклучи дека во тоа време, во просек, тој изнесувал 950.000 акчиња.[17]

Периодот подолг од две и пол децении од почетокот на владеењето на султанот Сулејман Величествениот, во економски поглед го обележила општата неефикасност на закупничкиот систем а која кризните години само ја забрзувале. Долговите на закупците на царските приходи низ Румелија биле исклучително големи, а истото било и во текот на осумте тригодишни закупнини на ковачницата на монети во Кратово, чиј износ на долгот се движел од 124.834 до 1.469.366 акчиња.[18] Дефтерот што го претставуваме ги содржи само долговите на закупците, а не и договорениот износ, па споредбата може да се направи само за три закупнини, за чии износи дознаваме од еден друг извор што го користел Халил Сахилиоглу.[19]

| *Делот на долгот при тригодишните закупнини на ковачницата во Кратово* | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на закупнината | Износот на закупнината | Износот на долгот | % |
| 10.11.1532 | 1.400.000 | 947.517 | 67,7 % |
| 06.09.1538 | 2.800.000 | 726.178 | 25,9 % |
| 04.08.1541 | 2.900.000 | 1.469.366 | 50,6 % |

Податоците од табелата кои се однесуваат на првата и третата закупнина се значително над просекот на долгот, бидејќи во 1532 година износот на закупнината бил убедливо најнизок, додека при закупнината од 1541 година е направен најголемиот долг. Кај некои закупнини, како на пример онаа од 1544 година, делот на долгот бил неспоредливо помал. Со долг од 123.834 акчиња и со претпоставениот износ на закупнината од околу 3 милиони акчиња, тој дел би бил околу 4%.[20] Врз основа на постојните подато-

[16] И покрај тешките здравствени услови во споменатиот период, бројот на муслиманите во Кратово бил зголемен од 155 на 165 (Исто).

[17] СТОЈАНОВСКИ, *Македонија*, 452-453.

[18] MAD 656, с. 92-93.

[19] СТОЈАНОВСКИ, *Македонија*, 453.

[20] Како параметри при пресметувањето на претпоставениот износ на закупнината за 1544–1547 година послужиле податоците од двете претходни тригодишни закупнини по 2.800.000 и 2.900.000 акчиња, како и годишните приходи од крајот на четириесеттите години, кои су заведени во пописот објавен во 1550 година, во износ од 1.111.555 акчиња (СТОЈАНОВСКИ, *Македонија*, 452-453).

ци може да се направи приближна процена на просекот на долгот во сите осум закупнини, кој изнесувал од 25% до 30%.

Затоа и не треба да е чудно што само еден закупец во Кратово го презел и следниот тригодишен циклус. Тоа бил извесниот Мијаш Марковиќ, кој во својата прва закупнина направил долг од 367.257 акчиња. Во наредниот закупнички период тој не успеал да ја надомести загубата, туку направил нов долг од 947.517 акчиња, па бил уапсен и затворен во истанбулската зандана. Уште тројца закупци на кратовската ковачница се затворени во Истанбул, а еден од нив и умрел таму. Со оглед на износот на долгот, сигурно уште двајца закупци би биле уапсени, но едниот од нив умрел во текот на закупнината, а другиот, којшто веројатно бил тешко болен, умрел во Кратово две години пред завршувањето на закупнината. Така, само при една закупнина, онаа на дворјанинот Илијас, убедливо најмалиот должник, не е запишана никаква друга забелешка за апсење или за смрт.[21]

Меѓу помалите должници од кратовската ковачница се наведуваат и златарите зергери (*zergerân*). Тие биле вработени во ковачницата без оглед на тоа дали во неа се кoвеле златници или не. Причината за тоа е што завршниот процес при издвојувањето на златотото од среброто се изведувал во ковачницата, а не во рударските топилници од кои пристигнувало среброто. Тој процес бил наречен ифразие, а стручните лица задолжени за него ги нарекувале ифразџии. Во тоа време кратовските зергери биле христијани, тие во градот имале свое маало, кое го носело нивното име.[22] Помали долгови направиле и сахибите-ајари *(sâhib-i ayâr)*, стручни лица задолжени за квалитетот на искованите монети, а чиј долг, како што се наведува, произлегувал од „кусокот во нивната црпалка“. Имено, пред процесот на ковење, сахиби-ајарот со кепчија (голема бакарна црпалка) зафаќал сребро до тежина од 13.000 дирхеми, колку што било предвидено да се искове во една тура. На тоа количество тој додавал уште 65 дирхеми, бидејќи при ковењето се губеле 0,5% сребро. Доколку загубата била поголема, трошоците ги поднесувал самиот сахиба-ајар.[23] Меѓу должинците биле и управниците на ковачницата – емини, но видот на нивниот долг не се наведува.[24]

Кога се споредуваат закупите на сите ковачници во Румелија, се забележуваат големи разлики во големината на долгот. Меѓу рударските ковачници тоа е веќе споменатиот долг од 1.469.366 акчиња, но дури 6.316.172

[21] MAD 656, 92-93. Х. Сахилиоглу исто така споменува и апсење на еден закупец во споменатиот период, но честопати правел грешки при читањето на имињата, наведувајќи го притоа датумот на почетокот на нивната закупнина наместо датумот кога биле уапсени. Така, на пример, за погореспоменатиот Мијаш Марковиќ напишал „Илијас син на Марко (запис од 14. XII 1529)“, иако тоа бил датумот на почетокот на неговата закупнина, додека споменатиот бил уапсен дури на 15. III 1536 година.

[22] *167 Numaralı*, I, 246.

[23] F. SPAHO, „Turski rudarski zakoni“, *Glasnik Zemaljskog muzeja Bosne i Hercegovine*, 1-2 (1913), 169.

[24] MAD 656, 92-93.

акчиња при закупнината на ковачницата во Ново Брдо од 1521 година,[25] што исто така посведочува за огромните приходи на оваа ковачница во почетокот на дваесеттите години од 16 век.

Кај градските ковачници најголемиот долг при една закупнина во поранонаведениот период е забележан во Едрене: 371.995 акчиња, потоа во Истанбул: 185.325, во Сер: 167.372 и во Скопје: само 1.194 акчиња.[26] За сите овие ковачници се наведуваат податоци од осум закупнини, а само за скопската ковачница од четири. Причина за тоа е работењето без долгови или, поверојатно, прекините во работењето, на што упатува напомената за затворањето на скопската ковачница од 8 мај 1547 година.[27]

Во користениот извор се видливи и други специфичности поврзани со застапеноста на припадниците на одделните конфесии и за бројноста на дојдencите закупци и на оние од локалните заедници. Во рударските ковачници закупците христијани биле во огромно мнозинство: од осумте закупнини во Кратово тие управувале со седум, а во Ново Брдо со шест, додека другите закупнини ги држеле муслимани. Во Истанбул повеќето закупци биле евреи, а во Скопје муслимани,[28] додека во Сер закупнините биле поделени меѓу христијаните и муслиманите. Само во Едрене меѓу закупците биле застапени сите три конфесии, и тоа четворица муслимани, тројца евреи и еден христијанин.[29]

И додека етничката припадност на муслиманите не може да се утврди, врз основа на имињата на христијаните може да се заклучи дека Грците ги држеле сите закупнини во Сер, две држеле во Ново Брдо и една во Едрене, Ерменците имале една закупнина во Ново Брдо, додека во Кратово сите христијански закупци биле од јужнословенско потекло, а на истата етничка група $ припаѓале и тројца закупци во Ново Брдо и еден во Скопје.[30]

Во Кратово христијаните закупци потекнувале од самиот град, додека закупецот муслиман бил џамешуј (*cameşuy*), дворјанин задолжен за султановата долна облека. И во другите ковачници локалните закупци биле во големо мнозинство, а исклучок била само ковачницата во Ново Брдо, во која двајца закупци биле од Истанбул, двајца од Трепча и еден од Кратово.[31]

Закупец од Кратово бил извесниот Иса Бали, син на Илијас, жител на маалото на кратовската ковачница на монети. Тој од 1536 година презел тригодишна закупнина на ковачницата во Ново Брдо и поради долгот од 5.401.614 акчиња завршил во истанбулскиот затвор.[32] Во закупнините на

[25] MAD 656, 96.

[26] MAD 656, 4, 48, 50, 73.

[27] MAD 656, 50.

[28] Во Скопје трите закупнини ги држеле муслимани, а само една христијанин (MAD 656, 50.).

[29] MAD 656, 4-5, 48-49, 50, 73-74, 92-93, 96-97.

[30] MAD 656, 48-49, 50, 73-74, 92-93, 96-97.

[31] MAD 656, 4-5, 48-49, 50, 73-74, 92-93, 96-97.

[32] MAD 656, 97.

другите ковачници се наведуваат уште двајца кратовци христијани како гаранти на закупнината на ковачницата на монети во Скопје.[33]

Неефикасноста на османлискиот закупнички систем и големата криза од дваесеттите и почетокот на триесеттите години довела до опстојни реформи, кои започнале со кодификацијата на рударското законодавство во 1536 година и траеле сé до половината на векот. Резултатите на реформата биле особено успешни во рударството, па во педесеттите, шеесет-тите и седумдесеттите години на 16 век во европскиот дел на Османлиското Царство биле отворени многу нови рудници. Зголемувањето на рударското производство за времевладеењето на Сулејман И (1520–1566) по-влијаело да се отворат уште четири рударски и една градска ковачница на монети во западните провинции на царството и тоа во Сидерокапса, веро-јатно кон половината на триесеттите години, потоа во Сребреница и во Ку-чајна, во почетокот на педесеттите и во Модава и во Белград во првата половина на шеесеттите години на 16 век.[34]

Во кратовската ковачница на монети високото ниво на производство било одржувано до средината на векот кога, според податоците од опширниот попис од 1550 година, нејзиниот приход изнесувал 1.111.555 акчиња. За време на Сулејменовиот наследник, султанот Селим II (1566–1574), бил забележан пад на производството, кое во 1571 година изнесувало околу 700.000, а во 1573 година 573.099 акчиња. Освен во сé поголемиот број ковачници на монети во Румелија, кон кои во тоа време се придружила и новоотворената ковачница во Охрид, причината треба да се бара и во опаѓањето на производството на сребро во матичниот рудник, каде сé поголемо внимание се посветувало на производството на бакар.[35]

Околу 2/3 приходи од закупнините на царските мукати, па и од кратовската ковачница, биле испраќани во државната благајна. Остатокот од парите бил наменет за платите на посадите во тврдините од околината на граничните области, како и за изградба и одржување на инфраструктурата, а според податоците од 1530 година, 3.960 акчиња му биле уплатувани на вакафот на џамијата на султанот Мурат во Кратово.[36]

Маалата што настанале околу ковачниците на монети биле муслимански, а нивните жители главно работеле во ковачниците. Жителите од маалата околу ковачницата на монети во Кратово во текот на 16 век, како споменатиот Иса Бали, син на Илијас, биле познати како големи инвеститори во рударско-топилничарската дејност низ целиот Балкан. Тие вложувале

[33] MAD 656, 50.

[34] S. SREĆKOVIĆ, *Akches (Volume Three) Süleyman I Kanunî 926 – 974 AH*, Beograd 2003.

[35] СТОЈАНОВСКИ, Македонија, 452-453; СОКОЛОСКИ, *Ќустендилскиот санџак*, V/2, 41; S. SREĆKOVIĆ, *Akches (Volume Four) Selim II Sari – Murad III 974 – 1003 AH*, Beograd 2005, 56-57; MAD 654, 182-215.

[36] Од таа сума, имамот што ја вршел должноста хатиб дневно добивал по 6 акчиња, муезинот по 4, а трошокот за свеќите и асурите изнесувал 1 акче (*167 Numaralı*, I, 197).

пари дури и во некои рудници од Подунавието. Така, на пример, извесниот Хусеин, со неговата рударска дружина биле меѓу основачите на рудникот на злато, сребро и олово Кучајна во денешна Србија, кој бил отворен во 1553 година заедно со ковачницата на златни, сребрени и бакарни монети.[37] Тој бил еден од сопствениците на рударско-топилничарските постројки во Кучајна, а едно од најстарите маала во Кучајна го добило името по него.[38]

Највпечатливиот пример сепак се однесува на закупнината на рудниците Железник и Кремковица во кадилаците Берковица и Софија од 1583 година. Закупнината ја презело своевидното акционерско друштво, создадено врз принцип на гаранти, во кое имало 12 луѓе. На негово чело стоел Мурат, син на Абдулах, од маалото на кратовската ковачница на монети, а меѓу најимотните членови биле уште петмина жители од тоа маало и уште еден кратовец од маалото Хаџи Караѓоз, кое пак, како што е наведено, се издвоило токму од маалото на кратовската ковачница.[39] Тие понудиле зголемување на закупнината во сребро и во монети и обновување на рудникот Кремковица којшто, како што се наведува, не работел претходните петнаесет години. За возврат поставиле повеќе услови, од преземање на платените служби на еминот, писарот и шафарот во споменатите рудници и во хасовите до службите кадија-инспектор и назир, кои управувале со Софискиот незарет.[40] Важен услов бил и тој од споменатите рудници златоносното сребро повеќе да не се испраќа во ковачницата во Ново Брдо туку во ковачницата во Кратово, како и ифразџијата, евреинот Елија, да се префрли од Ново Брдо во Кратово. Како сведоци при потпишувањето на договорот се наведуваат еминот на кратовската ковачница и уште десетина угледни жители на Кратово.[41]

Овој пример мошне сликовито покажува во која мера за жителите на маалото околу ковачницата во Кратово било важно ширењето на дејноста надвор од Кратово, како и зголемувањето на прометот во матичната ковачница.

---

[37] Види поопширно: С. КАТИЋ, *Улога Јевреја у отварању и развоју рудника Кучајна и Мајданпек у другој половини XVI века*, Годишњак за друштвену историју, 1–2, (2001), 7-17 и С. КАТИЋ, *Обрачуни ковнице златника у Кучајни из 1562/63. и 1570/71. године*, Мешовита грађа - Miscellanea, XXXI, (2010), 123-136. Сличноста на имињата Кучајна и Кочани ги навела некои нумизматичари и историчари да заклучат дека во местото Кочани во Македонија некогаш имало ковачница на пари.

[38] TD 316, 56a-57a.

[39] Во пописот на Ќустендискиот санџак од 1573 година, маалото околу ковачницата на монети во Кратово имало двојно име: „Маало Дарбхане или Хаџи Караѓоз", СОКОЛОСКИ, *Ќусѿендилскиоѿ санџак*, V/2, 29. Во маалото биле заведени двајца имами и еден муезин, што значи дека Хаџи Караѓоз веројатно бил ктиторот на новиод мезџид околу кој, во наредните години, се формирало посебно маало.

[40] Локална финансиска институција, задолжена за надзор на царските приходи.

[41] MAD 6148.



**Т Р А Н С К Р И П Ц И Ј А:**

[93] **Der livâ-i Köstendil**

**Der zimem-i mezkûrîn ‘an mahsûl-i Dârü’d-darb-i nükre der Kratova**

| | |
|---|---|
| **Der zimmet-i Petri Yoviça** ‘an mahalle-i Pop Pavle der Kratova, ‘an kıst-ı Dârü’d-darb-i Kratova, ‘an 11. Rebî‘ü’l-âhir sene 927 ‘an kıst-ı selâse sinin mea rüsûm ve teslîmât | **1.403.979** |

*Habs şüd der zindân fî 29. Ramazân sene 930*

Minhâ

| | |
|---|---|
| Der zimmet-i zergerân-i Darb-hâne-i mezkûre ber mûceb-i muhâsebe-i Bâlî b. Sinân emîn | **3.974** |
| Der zimmet-i Mustafâ sahib-i ayâr ‘an noksân-ı kefçe-i hod | **6.694** |
| El-bâki der zimmet-i âmil-i mezkûr | **1.393.311** |

| | |
|---|---|
| **Der zimmet-i Dimitri veled-i Yovan** ‘an mahalle-i Mala der Kratova, ‘an kıst-ı Dârü’d-darb-i Kratova, ‘an 11. Rebî‘ü’l-âhir sene 930 ‘an kıst-ı selâse sinin mea rüsûm ve teslîmât | **784.320** |

*Mürde şüd fî 16. Zi’l-ka‘de sene 931*

Minhâ

| | |
|---|---|
| Der zimmet-i Abbâs emîn | **3.652** |
| Der zimmet-i Ahmed emîn ‘an behâ-yı nükre | **1.680** |
| Der zimmet-i Yûsuf ‘an ebnâ-i sipâhiyân, havâle | **5.000** |
| Der zimmet-i Yakov ve Peyo zergerân | **1.794** |
| El-bâki der zimmet-i âmil | **772.194** |

| | |
|---|---|
| **Der zimmet-i Miyaş Markoviк** ‘an mahalle-i Petko der Kratova, ‘an kıst-ı Dârü’d-darb-i Kratova, ‘an 11. Rebî‘u’l-âhir sene 936 ‘an kıst-ı selâse sinin mea rüsûm ve teslîmât | **367.257** |

*Habs şüd der zindân-i İstanbul fî 22. Ramazân sene 942*

| | |
|---|---|
| **Der zimmet-i Miyaş Markoviк** el-mezbûr, ‘an kıst-ı Dârü’d-darb-i Kratova, ‘an 11. Rebî‘ü’l-âhir sene 939 ‘an kıst-ı selâse sinin mea rüsûm ve teslîmât | **947.517** |

*Der zindân-i İstanbul fî 22. Ramazân sene 942*

Minhâ

| | |
|---|---|
| Der zimmet-i Alî emîn | **800** |
| El-bâki der zimmet-i âmil | **946.717** |

[94]
**Der zimmet-i Buçin veled-i Radiç**, ‘an kıst-ı Dârü’d-darb-i Kratova,
‘an 11. Rebî‘ü’l-âhir sene 942 ‘an kıst-ı selâse sinin mea rüsûm ve teslîmât **761.237**

*Der zindân-i İstanbul, mürde şüd, 17. Ramazân 946*

**Der zimmet-i Matey** ‘an nefs-i Kratova, ‘an kıst-ı Dârü’d-darb-i Kratova,
‘an 11. Rebî‘ü’l-âhir sene 945 ‘an kıst-ı selâse sinin mea rüsûm ve teslîmât **726.178**

*Der zindân-i İstanbul habs şüd fî 11. Cemâziye’l-âhir sene 948*

Minhâ

| | |
|---|---|
| Der zimmet-i sahib-i ayâr ‘an noksân kefçe-i hod | **1.560** |
| El-bâki der zimmet-i âmil | **724.618** |

**Der zimmet-i Marko veled-i Nikola** ‘an mahalle-i Balıkçılar der Kratova,
‘an kıst-ı Dârü’d-darb-i Kratova, ‘an 11. Rebî‘ü’l-âhir sene 948
‘an kıst-ı selâse sinin mea rüsûm ve teslîmât **1.469.366**

*Mürde şüd der Kratova fî selh-i Zi’l-hicce sene 952*

**Der zimmet-i İlyâs câmeşuy** ‘an silahdârân emîn mültezim ‘an kıst-ı Dârü’d-darb-i Kratova, ‘an 11. Rebî‘ü’l-âhir sene 951 ber mûceb-i muhâsebât **124.834**

**Yekûn:**

| | |
|---|---|
| **Der zimem-i ümenâ** | **130.966** |
| **Der zimem-i havâlât** | **5.000** |
| **Der zimem-i baıs** | **20.022** |
| **Der zimem-i âmil** | **6.434.700** |

## П Р Е В О Д:

[93] **Во санџакот Ќустендил**

**Долгови наведени на име на приходот од ковачницата на сребро во Кратово**

**Како задолжување на Петрија Шсин на ЈовицаЌ од маалото Поп Павле во Кратово**, од делот на кратовската ковачница,
од 11 ребиулахир[42] 927 година (21.3.1521), тригодишната
закупнина со даноци и рати **1.403.979**

*Уапсен, во зандана од 29 рамазан, 930 година (31.7.1524)*

[42] Четвртиот месец на муслиманскиот хиџретски календар.

Од тоа

| | |
|---|---|
| Како задолжување на златарот на споменатата ковачница, според пресметката на Балија, син на еминот Синан | **3.974** |
| Како задолжување на Мустафа сахиба-ајар, за загубата од неговата црпалка | **6.694** |
| Остатокот, како долг на споменатиот закупец | **1.393.311** |

**Како задолжување на Димитрија, син на Јован, од маалото Мала**[43] **во Кратово**, од делот на кратовската ковачница, од 11 ребиулахир 930 година (17.2.1524) за тригодишната закупнина со даноци и рати **784.320**

*Умрел на 16 зилкаде 931 година (4.9.1525)*

Од тоа

| | |
|---|---|
| Како задолжување на еминот Абас | **3.652** |
| Како задолжување на еминот Ахмед од вредноста на среброто | **1.680** |
| Како задолжување на спахијата Јусуф,[44] собирач на државни приходи | **5.000** |
| Како задолжување на Јаков и на златарот Пејо | **1.794** |
| Остатокот од задолжувањето на споменатиот закупец | **772.194** |

**Како задолжување на Мијаш Марковиќ од маалото Петко во Кратово**, од делот на кратовската ковачница, од 11 ребиулахир 939 година (10.11.1532), за тригодишната закупнина со даноци и рати **367.257**

*Уапсен, во истанбулската зандана од 22 рамазан 942 година (15.3.1536)*

**Како задолжување на споменатиот Мијаш Марковиќ,** од делот на кратовската ковачница, од 11 ребиулахир 939 година (10.11.1532), за тригодишната закупнина со даноци и рати **947.517**

*Уапсен, во истанбулската зандана од 22 рамазан 942 година (15.3.1536)*

Од тоа

| | |
|---|---|
| Како задолжување на еминот Алија | **800** |
| Остатокот, како задолжување на споменатиот закупец | **946.717** |

---

[43] А. Стојановски и И. Ерен името на ова маало го читале како *Мала*, а М. Соколоски како *Горна*, од тур. *Bala* (*Ќустендилскиот санџак*, V/2 34).

[44] Припадник на султановата постојана коњица.

[94]
**Како задолжување на Бучин, син на Радич,** од делот на
кратовската ковачница, од 11 ребиулахир 942 година
(9.10.1535), за тригодишната закупнина, со даноци и рати **761.237**

*Во истанбулската зандана, умрел на 17 рамазан 946 година (26.1.1540)*

**Како задолжување на Матеја** од самото Кратово, од делото на
кратовската ковачница, од 11 ребиулахир 945 година
(6.9.1938) за тригодишната закупнина, со порези и рати **726.178**

*Во истанбулската зандана, уапсен на 11 џумазиулахир 948 година (2.10..1541)*

Од тоа

Како задолжување на сахибот-ајар, за загубата од неговата црпалка **1.560**
Остатокот, како задолжување кај споменатиот закупец **724.618**

**Како задолжување на Марко, син на Никола, од маалото Рибари**[45]
**во Кратово**, од делот на кратовската ковачница, од 11
ребиулахир 948 година (4.8.1541) за тригодишната закупнина,
со даноци и рати **1.469.366**

*Умрел во Кратово на 30 зилхиџе 952 година (3.3.1546)*

**Како задолжување на Илјас џамешујот, припадник на силахдарите,**
**емин на закупците** од делот на кратовската ковачница, од
11 ребиулахир 951 година (2.7.1544), според пресметките **124.834**

**ВКУПНО:**

| | |
|---|---|
| **Како долгови на еминот** | **130.966** |
| **Како долгови на собирачот на порези** | **5.000** |
| **Како долгови настанати поради штети** | **20.022** |
| **Како долгови на закупци** | **6.434.700** |

Превод од српски јазик:
*Весна Стојчевска*

[45] Во објавените пописи ова маало е нарекувано Маало на рибите (*mahalle-i mâhî*). М. Соколоски, во слободен превод, претпоставувал дека се работи за маало на рибари (Соколоски, *Ќустендилскиот санџак*, V/2, 33). Неговата претпоставка е точна бидејќи во документот што го претставуваме писарот навел прецизно име: *Маало на баликчии* (*mahalle-i balıkçılar*) – рибари.

*Srđan KATIC*

# KRATOVO'S SMITHY DURING THE REIGN OF SULTAN SULEIMAN I THE MAGNIFICENT (1520 – 1566)

The reign of Suleiman I the Magnificent (1520-1566) is considered a period of the greatest expansion of the Ottoman Empire. As for mining and metallurgy, the first two decades of his reign represent a period of crisis. Due to vast decrease of production, numerous reforms were implemented in mining, metallurgy and tenure system, starting from 1536. Their results were visible not before fifties and sixties, when the production in existing mines was considerably increased and many new mines and mints were open. Because of significant changes, this tumultuous period was chosen for time-frame of our article.

Kratovo mint was the second biggest producer in the Ottoman Empire, after Novo Brdo, since its opening, most probably in the last decade of the XV century, as well as in the first six decades of the XVI century. The aforementioned Ottoman mining and metallurgy crisis reflected on the Kratovo mint too. Starting from 1521, in seven three-year leases, all tenants, who were local Christians, had enormous debts for which majority of them was imprisoned in Istanbul. It was not until mid-forties of the century debt was reduced to 4-5% of the total amount of mint lease that indicated more successful production in the forthcoming period.

Besides the financial aspect, special attention was given to the mint employees who mostly lived in the *mahala* of goldsmiths and in the *mahala* of mint. Inhabitants of these two *mahala*s were famous for their investments into mining and melting business throughout the Balkans. They participated in the opening of the Kučajna and Majdanpek mines, restoration of the Kremkovica mine, as well as in the leases of the biggest mines and mints, like Novo Brdo.